**20262083291**

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 62-а став 3 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија” бр. 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 148/25, 160/25, 258/25, 58/26 и 145/26), министерот за внатрешни работи донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ НА ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД, НА ВОЗИЛА, ПОТРЕБНАТА ПРОПРАТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ВО ПОСТАПКАТА

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на барањето за добивање овластување за вршење на работи на технички преглед, на возила, потребната пропратна документација и висината на трошоците во постапката („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 163/20), во членот 3, точката 8. се брише.

Точките 9., 10., 11., 12., 13., 14. и 15., стануваат точки 8., 9., 10., 11., 12., 13. и 14.

Член 2

Во член 4 алинеја 1 зборовите „360,00 денари” се заменуваат со зборовите „600,00 денари”.

Во алинеја 2 зборовите „60,00 денари” се заменуваат со зборовите „100,00 денари”.

Член 3

Прилогот се заменува со нов Прилог, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13.1.1-181085/1
3 септември 2026 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Панче Тошковски**, с.р.

Прилог

До: МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

________________________________________

(надлежна организациска единица)

**БАРАЊЕ**
**ЗА ДОБИВАЊЕ ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ НА ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВОЗИЛА**

**ПОДАТОЦИ ЗА ПРАВНОТО ЛИЦЕ:**

НАЗИВ И СЕДИШТЕ: ________________________________________

МАТИЧЕН БРОЈ: ________________________________________

ДАНОЧЕН БРОЈ: ________________________________________

БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ЛИЦА: __________________________________

РАБОТИ ЗА ЧИЕ ВРШЕЊЕ СЕ БАРА ОВЛАСТУВАЊЕ: ______________________

__________________________________________________________

ГРУПА КАТЕГОРИИ НА ВОЗИЛА: ________________________________

**ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ – ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ ВО ПРАВНОТО ЛИЦЕ:**

ПРЕЗИМЕ: ______________________________________________

ИМЕ: __________________________________________________

МЕСТО И АДРЕСА НА ЖИВЕЕЊЕ:

__________________________________________________________

Во прилог на барањето ја доставувам следната документација:

1.____________________________________________________________
(Решение од Централен регистар на Република Северна Македонија за регистрирана дејност);

2.____________________________________________________________
(Доказ за соодветна стручна подготовка на стручниот кадар);

3.____________________________________________________________
(Доказ за соодветно стручно оспособување на стручниот кадар);

4.____________________________________________________________
(Доказ за поседување на возачка дозвола за управување со одредена категорија возила на стручниот кадар);

5.____________________________________________________________
(Доказ за работно искуство (преглед од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија и преглед од Агенција за вработување на Република Северна Македонија);

6.____________________________________________________________
(Потврда за поднесена пријава-одјава на осигурување и работен однос (М1/М2 обрасци) за стручниот кадар во правното лице);

7.____________________________________________________________
(Техничка документација за исполнување на пропишаните услови во врска со просторот (земјиштето) на правното лице и тоа: доказ за сопственост-имотен лист или под закуп, доколку е под закуп да биде спроведен договорот за закупот во имотниот лист во забелешка);

8.____________________________________________________________
(Техничка документација за исполнување на пропишаните услови во врска со објектот на правното лице и тоа: одобрение за градба, имотен лист не постар од 6 месеци со впишан објект, решение за утврдување на режим на сообраќај за приклучок на објект, доказ за сопственост-имотен лист или под закуп, доколку е под закуп да биде спроведен договорот за закупот во имотниот лист во забелешка и договор за закуп);

9. ________________________________________________

(Техничка документација за исполнување на пропишаните услови во врска со опремата и уредите и тоа: доказ за сопственост или под закуп, сертификат за извршена проверка на функционалноста на истата од надлежна лабораторија);

10. ________________________________________________

(Доказ за техничка опременост за вршење на технички преглед на возила, сопствена или договор за закуп, на начин што опремата не се користи од две или повеќе правни лица за вршење на технички преглед согласно со обемот и задачите кои ги врши правното лице);

11. ________________________________________________

(Доказ за склучен договор за осигурување од професионална одговорност);

12. ________________________________________________

(Доказ за позитивен бонитет, а за новоосновано правно лице изјава од одговорното лице во правното лице дека во рок од шест месеци од денот на донесување на решението за овластување за технички преглед, ќе достави доказ за позитивен бонитет);

13. ________________________________________________

(Доказ за уплатена административна такса);

14. ________________________________________________

(Доказ за уплатени трошоци за спроведување на постапката за добивање на овластување).

___________________ година

(датум)

___________________

(место)

ПОДНОСИТЕЛ

______________________

(потпис)